| **Податоци за органот кој го изработува планскиот документ** | |
|---|---|
| **Назив на планскиот документ** | „План за спречување на создавање на отпад 2022-2027 на Република Северна Македонија“ |
| **Орган надлежен за изработка на планскиот документ** | Управа за животна средина,<br>Сектор за управување со отпад |
| **Орган надлежен за донесување на планскиот документ** | Министерство за животна средина и просторно планирање |

| **Податоци за изработувачот на планскиот документ** | |
|---|---|
| **Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ** | Hisen Xhemaili, директор на Управа за животна средина<br>Ана Каранфилова Мазневска, Раководител на сектор за управување со отпад |
| **Назив на работното место** | Директор на Управа за животна средина<br>Раководител на сектор за управување со отпад |
| **Контакт податоци на лицето** | H.Xhemaili@moepp.gov.mk<br>A.Karanfilova@moepp.gov.mk тел. 02 3251463 |

| **Основни податоци за планскиот документ** |
|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** |
| Националните политики за управување со отпад се втемелени со Законот за животната средина (ЗЖС), националните еколошки акциони планови (НЕАП 1996/2007) и со Законот за управување со отпад (ЗУО). ЗЖС ја дава севкупната рамка, преку воспоставување на принципи за еколошка заштита и ги дефинира улогите и задолженијата на органите на државната управа на централно и локално ниво, како и на правните и физичките лица.<br>Со ЗУО се определуваат посебни одредби кои се однесуваат на административните, организациските и оперативните аранжмани за управување со отпад. Со ЗУО се уредуваат начелата и целите за управување со отпад, стратегиите, плановите и програмите за управување со отпадот, правата и обврските на правните и физичките лица во врска со управувањето со отпадот, начинот и условите под коишто може да се врши собирање, транспортирање, повторна употреба, третман, складирање, преработка и отстранување на отпадот, увозот, извозот и транзитот на отпадот, воспоставување на информативниот систем, како и финансирањето и надзорот над управувањето со отпадот.<br>Донесувањето на планскиот документ произлегува од член 25 од законот за управување со отпад (Службен весник на РСМ бр. 216/2021). |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** |
| Да☒ нов документ<br>Не☐ |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** |
| / |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** |
| Да, областа уравување со отпад. |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5).** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Да ☒**<br>**Не ☐** | **Член:** 3 | **Точка** 10 | **Алинеја:** |

10. Управувањето со отпадот – краткорочни, среднорочни и долгорочни плански документи кои се однесуваат на дефинирање на управувањето со отпадот на ниво на Република Северна Македонија, општините, градот Скопје и општините во град Скопје.

**Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува**

| |
|---|
| **потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** |
| Овој плански документ нама потенцијални активности што се вклучени во Прилог I или Прилог II од Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр.74/05, 109/09, 164/12). |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** |
| НЕ. |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** |
| Планот за спречување на создавање на отпад 2022-2027 е првиот План на Република Северна Македонија кој е фокусиран на превенција од отпадот и со овој план националното законодавство на РСМ ќе се хармонизира со Рамковната директива за отпад (2008/98/ЕС). Со овој план се утврдуваат соодветни квантитативни и квалитативни национални цели за спречување на создавање на отпад, како и одделни индикатори, врз основа на кои ќе се следи и оценува напредокот во спроведувањето на мерките за спречување на создавањето на отпадот.<br>Националните цели за спречување на создавање на отпад во планот се утврдуваат на начин со кој се зема во предвид економскиот развој и влијанието врз животната средина, кои се меѓусебно зависни со количината на создадениот отпад. Клучната одлука во овој план е дека поголемиот економски развој на земјата треба да доведе до поголемо спречување на создавање отпад односно развојот на економијата е вокуиран кон создавање на што помало количество на отпад. |
| **Предмет на планскиот документ (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** |
| Националниот План за спречување на создавањето на отпад на Република Северна Македонија 2022 – 2027 пропишува низа регулаторни, политички и практични активности чијашто цел е значително да се намали количината на отпад која ја произведуваме како општество. Сериозноста на предизвикот со кој се соочуваме налага сите ние да имаме своја улога во овој процес и, ова се однесува и на јавниот и на приватниот сектор, образовните установи и домаќинствата.<br>Овој документ го воведува контекстот, причината зошто треба да се менуваат навиките и активностите и содржи низа примери и мерки на најдобри практики кои ќе бидат од корист за клучните чинители, за да можеме да се фокусираме на тоа како да извршиме вистинско влијание врз намалување на количините на отпад кои ги произведуваме како општество и со тоа да ја зајакнеме националната економија, истовремено заштитувајќи ја животната средина – во локални и глобални рамки. Понатаму, во Планот се вклучени нови национални политики за управување со отпад преку кои сите овие заложби ќе се преточат во акција.<br>Во делот еден како вовед во овој План се дадени појдовните основи на кои се базира изработката на овиј документ а во делот два е претставена  визијата и целите на Планот. Во дел три се дадени за најдобрите практики за спречување на создавањето на отпад за да во последниот дел, дел четири, се разработени политиките за управување со отпад |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** |
| Согласно член 25 став (4) од Законот за управување со отпад (Службен весник на РСМ бр. 216/2021), Планот за спречување на создавањето на отпад на Република Северна Македонија се однесува на период од 6 години. |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** |
| Согласно член 25 став (5) сучниот орган може да предложи измени и дополнувања на Планот на |

| |
|---|
| секои три години од неговото донесување, а МЖСПП врши ревизија на Планот. |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа).** |
| Планот за спречување на создавањето на отпад на Република Северна Македонија се однесува за целата територија на РС Македонија. |
| **Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.** |
| Да☒<br>Не☐ |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| Да☒ (Прилог 1)<br>Не☐ |
| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(*Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето*).<br>Појдовната точка на планот е јасна и едноставна визија, во прилог на која се дефинирани јасни и мерливи цели чија цел е реализација на краткорочни, среднорочни и долгорочни придобивки за нашата животна средина и нашата економијата. Преку новиот збир на национални политики за спречување на создавањето на отпад, целта е да се постигне координиран национален пристап преку воспоставување на политики и цели, работни програми и нови меѓу-секторски партнерства.<br>Иницијативите содржани во Планот имаат за цел:<br>• Примена на хиерархијата на отпад на ЕУ;<br>• Примена на начелата на нула отпад и циркуларна економија;<br>• Примена на пристапот на проширена одговорност на производителите (ПОП) онаму каде е соодветно;<br>• Примена на постојан пристап на ефикасност на ресурсите во текот на целиот процес;<br>• Мотивирање и охрабрување на заинтересираните и засегнатите страни да се вклучат и да применуваат повеќе чекори и постапки за ефикасност на ресурсите. |
| **Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.** |

| | |
|---|---|
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата** | Веројатноста, траењето, зачестеноста и реверзибилноста ќе се утврдат на ниво на специфични програмски и проектни активности што ќе произлезат од спроведувањето на овој План.<br>Веројатноста за појава на влијанијата е поврзана со реализацијата на самиот планскиот документ, односно степенот на спроведување на активностите и мерките предвидени со планот. Делот од влијанијата се директно поврзани со самите активности/мерки и би биле со помало времетраење, додека дел од влијанијата се очекува да се случат како резултат на спроведувањето на целите на планот и |

| | |
|---|---|
| | би биле долгорочни, како на пример промена на технологии итн. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Можноста за кумулативни влијанија може да биде релевантна во близина на локациите каде што веќе постои индустрија и каде се очекува да согласно активностите предвидени со Планот се променат на позитивно влијанијата врз животната средина. |
| **Прекугранична природа на влијанијата** | Планот се однесува за целата територија на РСМ. Во ова фаза, ова прашање не е засегнатно директно со оглед на тоа што планот не носи конкретни проекти и локации, но неговата релевантност неопходно е да се разгледува и анализира во извештаите за СОЖС и ОВЖС. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи)** | Општо земено, спроведувањето на Планот се очекува да резултира со намалување на ризиците за животот и здравјето на луѓето, како и за животната средина. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната)** | Територијата на РСМ зафаќа површина од 25.713 $km^2$, со водена површина од 477 $km^2$. Поделена е на 8 плански региони: Скопски, Источен, Североисточен, Југоисточен, Пелагониски, Вардарски, Југозападен и Полошки во кои живеат околу 1.8 милиони жители. |

**Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:**

Планот може да даде клучен пресврт кој би помогнал да се сменат нештата и да се креира општество и економија која води поголема сметка за ефикасноста на ресурсите. Ова значи дека треба да се најдат начини како сегашните генерации да напредуваат и да се развиваат, а истовремено да се гарантира и обезбеди иднината на генерациите кои доаѓаат по нас. Влијанијата на Планот е може да се сумираат како:

- Спречување на непотребното и неефикасно трошење на материјалите;
- Дизајнирање на производите на начин кој би резултирал со минимална количина на отпад;
- Преработка на остатоците од посебните текови отпад;
- Повторна употреба на искористените предмети и материјали.

Потенцијални негативни социо-економски влијанија:

- Потенцијални промени на цени за услуги за управување со отпад;
- Влијание врз потенцијалот за приход на неформалниот сектор што доаѓа од активностите за собирање на отпад.

**Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:**

Во оваа фаза, не може прецизно да се одреди вредност и ранливост на областа која ќе биде зесегната со донесувањето на планскиот документ, во смисла на физички аспекти на животна средина, бидејќи планскиот документ е во насока на идентификација и усвојување на планирачка рамка.

Од друга страна, областа на управување со отпад се наоѓа во незавидно ниво со оглед на бројните проблеми поврзани со управување со отпад што досега останаа нерешени, а се

поврзани или се должат на слаби капацитети за управување и постапување со отпад, недоволна свест и заложба кај оние што носат одлуки, недостиг на соодветен надзор над спроведувањето на законодавството, недостиг на инвестиции во инфраструктура, отсуство на даночни, економски и финансиски стимулации за вклучување на приватниот сектор, недоволно развиена јавна свест, слаб пазар за одредени видови отпад, релативно слаби јавни комунални претпријатија што не можат да се справат со обврските поради слаби технички и човечки капацитети и недостиг на финансиски средства. Целата оваа ситуација низ годините придонесе кон создавање на неповолна атмосфера во јавноста, одбивност и неприфаќање на било какви решенија поврзани со управување со отпадот што долгорочно претставува значаен ризик за реализација на стратешките заложби за подобрување на управувањето со отпад во државата.

| | |
|---|---|
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | Ова ќе биде предмет на анализа на сите специфични плански документации за секоја планирана активност, во однос на прогласено и евидентирано природно и културно наследство на територијата на регионот.<br>Целата територија на РСМ изобилува со значајно природно и културно наследство, што треба да се земе предвид, особено на оние локации каде што е предвидено изградба на капацитети за управување со отпад.<br>При изготвувањето на проектната документација неопходно е се направат релевантни анализи и локациите каде што ќе се утврди присуството на природно и културно наследство треба да бидат изземени како можни локации за изградба на објекти за управување со отпад. Целиот опсег на планот неопходно е да биде предмет на скрининг во однос на релевантните национални, регионални и локални стратешки документи за заштита на природата и биолошката разновидност со цел да се идентификуваат чувствителните области или да се дефинираат соодветни мерки. |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Целокупната имплементација на активностите и мерките предвидени во планскиот документ долгорочно ќе придонесат кон подобрување на стандардите за квалитет на животната средина. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Нема во оваа фаза. |
| **Влијанијата врз областите или пејзажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Влијанијата врз области или предели со статус на национални или меѓународни заштитени подрачја ќе бидат само во позитивна насока доколку се спроведат активностите предвидени со планот. |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**

Планскиот документ претставува рамка за планирање и управување за период од 6 години. Како таков, тој засега повеќе аспекти, меѓудругото законодавство, човечки капацитети, обрзаовни одговорности итн. Во таа насока, тој идентификува клучни области и начини за постигнување на цели. Постигнувањето на тие цели предвидено е да се оствари преку имплементација на поедини програми и акциони планови кои засегаат поедини прашања (пример. Спречување на отпад, Собирање и третман на отпад, Рециклирање на отпад итн).

За таа цел, планскиот документ подразбира реализација на поединечни програми и проекти што

| |
|---|
| произлегуваат од самиот плански документи. За нивна имплементација, во зависност од тип и обемот, потребно е дополнително да се анализира потребата од спроведување на Стратегиска оценка на животна средина (на ниво на нова планска документација), Студии за оценка на влијание врз животната средина (на ниво на проектна документација) и Елаборати за заштита на животна средина, А и Б интегрирани дозволи и соодветна документација за заштита на животната средина согласно со националното законодавство (програми и планови за работа на инсталациите). |
| **Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):** |
| Планот за спречување на создавањето на отпад на Република Северна Македонија претставува национален план и се однесува на целата територија на државата, но не вклучува поединечни конкретни проекти поврзани со конкретни локации. |
| **Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој (да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови).** |
| Целта на планскиот документ е да се надминат постојните проблеми во сегашниот систем на управување со отпад во државата, со цел да се развие спроведување на системите за собирање и третман во согласност со хиерархијата за отпад и да се постигне еколошки безбедна преработка и отстранување, како и, најважната цел на Планот, промена од линеарна кон циркуларна економија, на начин кој е најдобро прилагоден на состојбите во РС Македонија. Тој се фокусира на низа можности за овозможување на одржливо управување со отпад – јасни и ефикасни закони, силни капацитети на институциите и инфраструктурни можности, релевантни и сигурни податоци за количините на отпадот итн. Планот се фокусира на активности кои се преземаат пред нешто да стане отпад со што се смалува количината на создадениот отпад, преку продолжено користење на одреден производ, преку иновативен дизајн, поправка и повторна употреба.<br><br>Во подготовката на планот земена е предвид Националниот Шлан за управување со отпад 2021-2031 каде се дефинираат приоритетни дејствија чијашто цел се низа придобивки за животната средина и општеството. Со овој документ се воведува концептот на одржлив развој, признавајќи дека почитувањето на највисоките стандарди во животната средина е во основа на долгорочните национални, социјални и економски интереси на РС Македонија, и е во поддршка на интегрирање на политиките за животна средина и климатски промени во сите сектори.<br><br>Една значајна област, каде се потребни значителни промени, е имплементацијата на модерен систем за управување со отпад. Одрживото управување со ресурси може да има позитивно влијание врз емисиите во енергетскиот сектор, шумарството, земјоделието, транспортот и производството. |
| **Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност (објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали).** |
| Недостатокот на јасна и силна заложба на сите политички чинители, инвестиции, ниско ниво на еколошка свест, соодветни мерки и капацитети за собирање, транспортирање и третман и отстранување на отпадот значително влијаеле на квалитетот на сите медиуми во животната средина во РСМ, носејќи ризик за здравјето на луѓето и живиот свет.<br><br>Акутелните проблеми со животната средина поврзани со неправилно управување и постапувае |

со отпадот може да се групираат во неколку групи[1]:

- Недостиг на соодветни и квалитетни услови за собирање и транспостирање на отпадот,
- Лоша хигиена поврзана со садовите и местата за собирање,
- Ниско ниво на еколошка свест кај сите чинители,
- Несоодветни места за депонирање на отпадот поврзани со значителни влијанија врз квалитетот на воздухот, водата и почвата,
- Нарушен квалитет на медиуми на животната средина поврзани со неправилно управување и постапување со отпадот,
- Недостиг на човечки капацитети за управување и надзор над спроведување на законодавството,
- Зголемена потрошувачка на природни ресурси поради неправилно управување со отпадот.
- Непостоење на систем за поправка, реупотреба на отпадот итн.

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**

Од аспект на хиерархијата на планирање, планот е поврзан со неколку национални и регионални стратешки документи.

Во однос на управувањето со отпадот, Планот е поврзан со:

- Национална стратегија за управување со отпад (2008-2020);
- Национален план за управување со отпад (2021-2031),
- Регионални планови за управување со отпад,

Во однос на управувањето со водите, Планот е поврзан со:

- Стратегија за водите на Република Македонија (2011-2041 година).

Во однос на управувањето со квалитетот на воздухот, Планот е поврзан со:

- Национален план за заштита на амбиентниот воздух (2013-2019);
- Програма за постепено намалување на емисиите на одредени загадувачки супстанци на ниво на Република Македонија со проекции на намалувањето од 2010 до 2020 година
- Втор национален акционен план за животна средина на Република Македонија (2006).

Во делот на климатски промени, Планот е поврзан со:

- Договор од Париз кон Рамковната Конвенција на ОН за климатски промени,
- Национални придонеси кон ублажувањето на климатските промени
- Трет Национален Извештај кон Рамковната Конвенција на ОН за климатски промени /
- Трет национален план за климатски промени
- Втор двогодишен извештај за климатски промени на Република Македонија
- Стратегија за животна средина и климатски промени 2014 - 2020

Во делот на заштита на природата, Планот е поврзан со:

- Национална стратегија за заштита на природата (2017 – 2027)
- Национална стратегија за биолошка разновидност со акционен план (2020-2050)

Други стратешки документи со кои е поврзан планот:

- Национална програма за земјоделство и рурален развој (2013-2017);
- Стратегија за одржлив развој на шумарството во Република Македонија (2006);
- Регионални стратешки документи за развој
- Просторен план на Република Македонија.

[1] Листата не е конечна.

| |
|---|
| • Програма на економски реформи 2018 – 2020<br>• Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Р. Македонија (2010 – 2020)<br>• Фискална стратегија на Р. Македонија за 2019-2021<br>• Национална стратегија за одржлив развој на РМ 2009 – 2030<br>• Национална стратегија за развој на туризмот (2009-2015);<br>• Национална транспортна стратегија (2007-2017);<br>• Стратегија за демографски развој на Република Македонија (2008-2015);<br>• Национален акционен план за здравјето на животната средина.<br><br>Планот треба да ги опфати стратешките насоки дадени во овие плански документи и да се предвидат соодветни мерки за нивна поддршка и усогласеност. |
| **Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.** |
| Планскиот документ е нов документ, и како таков претходно не бил предмет на друга оценка.. Како дел од понатамошната анализа, ќе биде дали постојат поврзани стратешки документи каде отпадот бил разгледуван како дел и истите биле предмет на оцена на влијанието врз животната средина.<br><br>На ниво на региони постојат веќе подготвени и усвоени регионални планови за управување со отпад (каде превенцијата е офатена како активност) истите биле предмет на стратегиска оцена, па ќе бидат земени во предвид во понатамошната постапка и разгледување. |
| **Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).** |
| РС Македонија потребно е да го подобри управувањето со отпадот кој го собира. Исто така, треба да се внимаваме на големата еколошка штета предизвикана од отпадот кој не се евидентира. Тука се вклучени фрлените отпадоци по улиците и во природата, како и загадувањето на реки, езера, и воздух. Сето ова влијае врз здравјето и локалниот биодиверзитет и дава свој придонес во глобалниот предизвик на климатските промени.<br><br>Набројаните штетни влијанија сами по себе се доволни да присилат на дејствување, придвижување кон поциркуларен пристап кој ќе има многу придобивки за економијата, со јасен фокус врз спречувањето на создавањето на отпад и, конечно, кон нула отпад.<br><br>Од финансиска гледна точка, деловните субјекти ќе извлечат корист од поголема ефикасност на ресурсите. Следствено на ова, локалните самоуправи ќе имаат помали трошоци поради помалата количина на отпад за собирање и управување. Кај домаќинствата ќе се намалат трошоците поврзани со замена на дотраени контејнери или заштеда од отстранување на отпадот од храна. |

| | |
|---|---|
| **ИЗЈАВА** | **Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** |
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ** | Hisen Xhemaili<br><br>Управа за животна средина, |

| | |
|---|---|
| **во име на органот** | Директор |
| **Датум**<br>**Место** | Скопје<br>04.05.2022 |

**ПРИЛОГ 1**

ЦЕЛИ НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕН:

- Намалена потрошувачката на материјалите, водата и енергенсите кои предизвикуваат создавање на поголеми количини отпад, со тоа што ќе се променат навиките и однесувањето на деловните субјекти, домаќинствата и јавниот сектор;

- Развивање на системи за собирање и рециклирање, во кој се одредува вредноста на собраните материјали и истите може повторно да се преработат во тековите на локалните економски дејности;

- Намалување на количините на преостанат отпад кој треба да се депонира, преку отстранување на рециклабилните материјали и органскиот отпад од вкупниот отпад;

- Сортирање на преостанатиот отпад за да се извлечат дополнителни материјали кои може д асе рециклираат;

- Зголемена конкурентност и намалени деловни трошоци преку реализирање на програми кои стимулираат ефикасност на ресурсите и создаваат „поциркуларна економија”;

- Поддршка на одржлив развој и вработувања во „зелената“ економија, вклучувајќи отворање на нови работни места во дејностите повторна употреба, рециклирање и производство;

- Намалено создавање на опасен отпад преку развивање на поефикасни индустриски и комерцијални практики заедно со користење на побезбедни алтернативи, кои помалку штетат на животната средина;

- Намалување и управување со количината на опасни супстанции во производите преку развивање на нови деловни практики и преку поефикасна и делотворна регулатива;

- Информирање и влијаење врз донесување на одлуки базирани врз докази преку собирање, обработување и објавување на висококвалитетни податоци за сите аспекти на управувањето и спречување на создавањето на отпад;

- Зголемување на свесноста за важноста на спречувањето на создавањето на отпад кај граѓаните, деловните субјекти и јавниот сектор со цел да се издејствуваат позитивни промени во однесувањето.